Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневните настани 31.05.2024

На 30.05.2024 во 22.00 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје уа лишиле од слобода А.Ј.(38) и Ѓ.А.(49), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.05.2024 во 15.00 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода П.М.(21) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.05.2024 во 22.20 часот на место викано „Прилепски пат" во Велес, полициски службеници од СВР Велес лишиле од слобода тројца малолетници од Велес. Тие биле затекнати во патничко возило и откако ги забележале полициските службеници од возилото фрлиле марихуана која била пронајдена до возилото и одземена. Малолетниците биле приведени во полициска станица, известен бил јавен обвинител и Центарот за социјални работи и по документирање на настанот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.05.2024 во 13.00 часот во СВР Битола било пријавено дека во објектот на новиот објект на Противпожарната единица, лоциран во Старата касарна, биле пронајдени 32 пушки и една рачна бомба со потекло од Балканските војни. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Битола безбедно ги подигнал пушките и бомбата за понатамошна постапка.

На 30.05.2024 во 09.00 часот на Граничниот премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода Л.Р.(29) од Република Албанија, затоа што при извршена пасошка контрола и проверки било констатирано дека во оперативната евиденција е со мерка „апси" по барање на Интерпол. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициското одделение Мирковци за понатамошна постапка.

На 30.05.2024 во 11.15 часот на Граничниот премин Меѓународен аеродром Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода Д.О.(25) од Република Турција, затоа што при извршена пасошка контрола и проверки во оперативната евиденција било констатирано дека го пречекорил дозволениот туристички престој во државата. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и readmisija Скопје за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (30.05.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 100 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 14 санкции, десет санкции за користење мобилен телефон при возење, осум мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила...

На 30.05.2024 во 23.40 часот во СВР Тетово било пријавено дека на автопатот Гостивар-Тетово, кај клучка Камењане, патничко возило „јундаи генезис" со скопски регистарски ознаки, управувано од У.Р.(34) од Скопје, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Клиничка болница Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

На 30.05.2024 во 10.20 часот во ОВР Струга било пријавено дека на ул.„Пролетерски Бригади" во Струга, А.Т.(66) од с.Октиси, струшко, откако го паркирал патничкото возило „мерцедес" со струшки регистарски ознаки, отворајќи ја предната врата удрил во велосипед управуван од Л.С.(63) од Струга. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Л.С., констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Струга.

На 30.05.2024 во 18.42 часот во ОВР Дебар, од Општата болница Дебар било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Б.С. од Дебар. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при пад од мотоцикл кој го управувал на ул.„Џавид Уштеленца" во Дебар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Дебар.

На 30.05.2024 во 20.35 часот во Полициската станица Центар, В.С.(31) од Скопје пријавил дека на ул.„Ѓорѓе Андрејевиќ-Кун" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 30.05.2024 во 21.10 часот во Полициската станица Аеродром, С.С.(71) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" во Скопје била касната од куче скитник.

На 30.05.2024 во 16.30 часот во Полициската станица Карпош, Д.К.(40) од Скопје пријавил дека во с.Бардовци, скопско, неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 30.05.2024 во 17.05 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар го привеле И.Д.(56) од Скопје, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против К.К.(41) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 28.05.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана, две дигитални ваги, дробилка и воздушна пушка.

На 30.05.2024 во 23.00 часот во СВР Скопје, М.П.(56) од Скопје пријавил дека околу 22.15 часот на подрачјето на Бит Пазар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од неговиот сосед Е.Ј.(40) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.05.2024 во 22.22 часот во СВР Скопје, В.А.(23) од с.Буковиќ, скопско, пријавил дека во селото бил физички нападнат од С.Ј.(32) од с.Буковиќ и Е.Ј.(23) од с.Паничари. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против К.П.(36) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 28.05.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и шприц со густа материја.

На 30.05.2024 во 19.45 часот во СВР Скопје, И.А.(31) од Скопје пријавила дека околу 19.00 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходно недоразбирање, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од 54 – годишната Х.Р. од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.05.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје, Љ.С.(29) од Скопје пријавила дека околу 08.00 часот на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, била физички нападната од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Х.А.(45) и В.А.(22), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 14.03.2024 на Камениот мост во Скопје, пријавените физички го нападнале Ф.Р. и му одзеле пари и мобилен телефон.

На 30.05.2024 во 16.40 часот во Полициската станица Центар, П.Ѓ.(58) од с.Градошорци, струмичко, пријавил дека околу 15.30 часот на подрачјето на Центар во Скопје, едно лице со закана му одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против С.С.(22) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривични дела „разбојничка кражба" и „тешка кражба". На 28.05.2024 во продавен објект на ул.„Апостол Здравевски" во Битола, пријавениот физички ја нападнал вработената и одзел пари од дневниот промет. А на 05.05.2024, пријавениот со употреба на сила влегол во аптека во Битола и го одзел дневниот промет.

На 30.05.2024 во 17.40 часот во СВР Скопје, К.К.(52) од Скопје пријавил дека околу 16.40 часот во неговиот продавен објект на подрачје на Карпош, едно лице со закана со пиштол и нож од касата одзело пари и при обид да избега, паднало и се повредило, а тој успеал да го совлада и да повика полиција. Полициски службеници излегле на месторот и констатирале дека станува збор за И.С.(37) од Скопје и од него биле одземени пиштолот и ножот. Лицето било пренесено во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување лекарска помош. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.05.2024 во 22.00 часот во СВР Тетово, Ф.А.(37) од Тетово пријавил дека на улица „ЈНА" во Тетово, неговиот малолетен син бил нападнат од кучиња скитници и при обид да побегне паднал и се здобил со повреди, констатирани во Клиничка болница Тетово.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против З.З. од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 12.08.2023, пријавениот физички го нападнал неговото малолетно дете, по што при претрес во неговиот дом била пронајдена автоматска пушка калибар 7,62 мм.

На 30.05.2024 во Полициската станица Штип бил извршен службен разговор со Б.Ј. од Штип, полициски службеник од Полициската станица Штип, поставувајќи по претходна пријава дека ноќта на 30.05.2024, при семејна веселба, пукал од службеното огнено оружје. За настанот биле известени Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР и јавен обвинител, по чија наредба од домот на Б.Ј. бил одземен пиштол и пиштолска муниција калибар 9 мм. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.05.2024 во 21.20 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Г.Ј.(34) од Скопје пријавил дека на ул.„Мара Нацева" во Скопје, неговата малолетна ќерка била касната од куче со сопственик.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против В.Р.(42) и Е.Р.(27), двајцата од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „запуштање и малтретирање на дете". На 27.04.2024, пријавените додека биле во казино, подолг период ги оставиле своите малолетни деца заклучени во патничко возило на паркинг простор.

На 30.05.2024 во 14.40 часот во СВР Скопје, Ф.Д.(62) од Долно Свиларе, скопско, пријавила дека во комбе кое вршело јавен превоз во селото, таа и нејзината ќерка биле физички нападнати од Л.К. од с.Рашче, скопско, кој им се закаканил и со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Ј.А.(26) од Босилово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". На 30.04.2024 на место викано „Дарлански пат", пријавениот бил затекнат со патничко возило натоварено со огревно дрво без документација.

На 30.05.2024 во 18.30 часот во СВР Скопје, Ј.Т.(48) од Скопје пријавила дека околу 16.45 часот на подрачјето на Центар, едно лице со употреба на сила и одзело накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (31.05.2024) во 02.40 часот во Полициската станица Аеродром, В.Б.(32) од Скопје пријавил дека на ул.„Венјамин Мачуковски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет